РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Приватна високообразовна установа
УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ
Бр. 09 - 200 / 5
07.03.2022
СКОПЈЕ

University American College Skopje

Врз основа на член 94, став 1, точка 2 од Законот за високо образование ("Сл. весник на РМ" бр. 82/2018), член 23 од Статутот на Универзитет Американ Колеџ Скопје и точка 2 од Одлуката за организирање на академската 2021/2022 година на Универзитет Американ Колеџ Скопје, Универзитетскиот Сенат на Универзитет Американ Колеџ Скопје на својата 5-та седница одржана (преку видео конференциска врска), на 07.03.2022 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**за организирање настава и на испитите во вториот дел од пролетниот семестар од академската 2021/2022 година на Универзитет Американ Колеџ Скопје**

1. Поради подобрената состојба на пандемијата предизвикана од вирусот ковид-19, наставата во вториот дел од пролетниот семестар од академската 2021/2022 година Универзитет Американ Колеџ Скопје ќе ја организира со целосно присуство на академскиот кадар и студентите во просториите на универзитетот со почитување на следните протоколи:
    - Сите учесници во наставата задолжително да носат заштитни маски;
    - Во просториите задолжително да се обезбеди средство за дезинфекција на рацете;
    - Просториите почесто да се проветруваат, по можност за време на предавањата и задолжително во текот на паузите;
    - Сите простории на универзитетот поседуваат заштитни бариери (паравани);
    - Да се почитува задолжителното физичко растојание на учесниците во просториите на универзитетот.
2. По исклучок од одредбите на точка 1 од оваа одлука, наставата на академскиот кадар кој има статус на визитинг професори и не престојува во Скопје, ќе се организира преку видеоконференциска врска, преку платформата Webex.
3. Со одобрение од деканот на соодветната единица на УАКС, наставата по одделни предмети може да се врши и преку видеоконференциска врска или хибридна настава.
4. Испитите на прв циклус и испитите на втор циклус студии, ќе се организираат на еден од следните начини:

– Писмен испит со физичко присуство во просториите на универзитетот
– Писмен испит преку платформата Moodle и Webex (препорачан начин за визитинг професори);
– Устен испит со физичко присуство во просториите на универзитетот;
– Устен испит преку платофрмата Webex (препорачан начин за визитинг професори);
– Устен испит, со презентирање на проекти или практична работа на УАКС со соодветен распоред на студентите за да нема поголеми групирања (важи само за студентите на ФАД);
– Електронски испит, преку изготвување проекти или други активности (важи за студентите на ФКТИ, но и за сите други предмети на УАКС кои се поврзани со компјутерски вештини);
– Комбинација од горенаведените или друг начин за кој одлучува секој предметен наставник посебно.

По исклучок од став еден на оваа точка и со одобрение од деканот на соодветната единица на УАКС, испитите може да се организираат и преку видеоконференциска врска.

5. За начинот на организирање на испитите на прв циклус и испитите на втор циклус студии одлучува секој предметен наставник, со претходно одобрение од декан и известување до Служба за студентски прашања.

6. Одбраните на дипломските, магистерските и докторските студии ќе се вршат со физичко присуство, а по исклучок и со одобрение од декан на соодветната единица на УАКС можат да се организираат преку видеоконференциска врска.

7. Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

8. Одлуката да се достави до членовите на Ректорската Управа, членовите на Универзитетскиот сенат, административните служби и до архивата на Универзитетот.

**Универзитетски сенат**
**Претседател**
**вон. проф. д-р Марина Андева**

Марина Андева

Digitally signed by Марина Андева
Date: 2022.03.07 20:39:13 GMT